Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
## од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2022 година

Скопје, февруари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 февруари 2022 година**

Седницата започна во 16:15 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, м-р Васко Ковачевски, директор на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, Николче Бабовски, в. д. директор на Агенцијата за храна и ветеринарство и нотар Снежана Сарџовска.

Од седницата отсуствуваше членот на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 4-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јануари 2022 година
- Усвојување на Записникот од 5-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2022 година
- Усвојување на Записникот од 6-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јануари 2022 година
- Усвојување на Записникот од 7-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јануари 2022 година
- Усвојување на Записникот од 8-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2022 година
- Усвојување на Записникот од 9-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јануари 2022 година

**1.** Предлог-решение за назначување претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интерресорската работна група за воспоставување Национален акциски тим за борба против тероризмот

**2.** Информација за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2021 година и на финансиските извештаи за 2021 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2021 година и консолидираните финансиски извештаи за 2021 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2021 година, со Предлог-одлука

**3.** Информација во врска со спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година со состојба 31 декември 2021 година и ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година со состојба 31 декември 2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со Предлог-одлука

**4.** Информација за одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата за кредитите од Посебниот кредитен фонд Ковид 1 и кредитите од Компензационите фондови Ковид 2, со дополнување, Предлог-одлука и Анекс кон Договор

**5.** Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1725)

**6.** Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 2181/1)

**7.** Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1887)

**8.** Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1888)

**9.** Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1892/2)

**10.** Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1733)

**11.** Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1733 и. л 47309)

**12.** Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1728)

**13.** Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1733 и. л 47134)

**14.** Информација за потребата од склучување спогодби согласно член 550 став 2 и 551 став 1 од Законот за кривичната постапка

**15.** Предлог-одлука за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија со недвижни ствари во сопственост на Општина Струга

**16.** Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 28 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност на решенијата

**17.** Предлог-закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам*

**18.** Извештај за извршените преговори за усогласување на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Република Северна Македонија во Програмата Фискалис за периодот 2021-2027 година, со усогласен Договор

**19.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89-км. 22+246,05, за стабилизација на косина на км. 14+648- км. 14+950 КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

**20.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани- Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 5+460 до км 5+580 КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

**21.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косина на км 2+280 до км 2+495, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

**22.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км0+000,00-км12+698,72. За санација и стабилизација на косина на км 4+400 до км 4+670, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

**23.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир–Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89- км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 16+240-км 16+620 КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

**24.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир -Ќафасан, патна делница Требеништа-Подмоље-Охрид, од км. 0+000 до км. 10+263,26, за стабилизација на косина на км. 0+000-км. 0+218, КО Требениште, Општина Дебрца, со Предлог-одлука

**25.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89-км. 22+246,05, за стабилизација на косина на км. 14+990-км. 15+310 КО Попоец и КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

**26.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина на км 15+690-км 16+114, КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

**27.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина км 21+490-км 21+530 КО Врбјани, Општина Дебарца, со Предлог-одлука

**28.** Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 16+620-км 17+020, КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука

**29.** Информација за постапката на ликвидација на Друштвото со ограничена одговорност за водоснабдување „Подсистем Овче Поле“ Свети Николе во ликвидација и Водостопанска работна организација „Мавровица“ Свети Николе во ликвидација, со предлог за разрешување на ликвидаторот и назначување на нов ликвидатор

**30.** Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Александар 2- Скопје, со Предлог-решение

**31.** Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Винарска визба Лозар, Битола, со Предлог-решение

**32.** Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Гуштерица“, Општина Кичево, со Предлог-одлука

**33.** Информација во врска со барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-јаглен на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје на локалитетот „Живојно“, Општина Новаци, со Предлог-одлука

**34.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги Прима виста ДООЕЛ Виница, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**35.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АС Фрут груп увоз-извоз ДОО Скопје, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**36.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за градежништво услуги производство и трговија МН-Плака ДООЕЛ увоз-извоз, с. Радолишта, Струга, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**37.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за угостителство Јаја индустри ДООЕЛ Штип, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**38.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за графички услуги и промет Про Солушн ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и Нацрт- спогодба

**39.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Н-А Промет ДОО Гостивар, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**40.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Тотал принт ДООЕЛ Струмица како корисник на финансиска поддршка, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**41.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за производство на композитни електроизолациони материјали Еуропрофил АД с. Алданци, Крушево, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**42.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДППУ Варади Никола и др. ДОО, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**43.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АЛ-МАК увоз-извоз ДОО Струмица, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**44.** Информација за потребата од раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и др. ДОО Кавадарци, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**45.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7575/1 од 31. 7. 2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија и услуги Осумнаеска логистик ДОО експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**46.** Информација за потребата од раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, инженеринг, проектирање, монтажа и трговија Тинг ДООЕЛ Кочани, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**47.** Информација за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство трговија и услуги Детал велд инжинеринг ДООЕЛ Кавадарци, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба

**48.** Информација за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-10980/1, склучен на 14 октомври 2021 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Фармаролли ДООЕЛ Петровец

**49.** Информација за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 11-8084/1, склучен на 15. 10. 2019 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за рециклажа и услуги Еко метал 16 ДООЕЛ, Скопје

**50.** Информација за приемот на Република Северна Македонија во полноправно членство во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот-ИХРА, со Правно-необврзувачка работна дефиниција

**51.** Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1001 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија

**52.** Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1014 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија

**53.** Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2021/1278 од 30 јули 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва

**54.** Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1277 на Советот од 30 јули 2021 година за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либан

**55.** Информација за испраќање на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 30", во Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука

**56.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор-Скопје (војнички ќебиња)

**57.** Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар (Здружение Музички едукативен центар-Скопје)

**58.** Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

**59.** Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица ,,Свети Јован“на ул. Ињо Шопов бр. 43/12-Струмица, со Предлог-одлука

**60.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија Скопје (товарно моторно возило „фолсваген транспортер“)

**61.** Предлог-закон за изменување на Законот за Собранието на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

**62.** Барање за давање на автентично толкување на член 38 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), поднесено од градоначалникот на Општина Свети Николе

**63.** Барање за давање на автентично толкување на член 85 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21) и член 2 од Закон за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 239/19), поднесено од градоначалникот на Општина Богданци

**64.** Извештај на ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 15 септември 2020 година до 30 септември 2021 година

**65.** Иницијатива поднесена од Василчо Илијев, адвокат од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 136/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 102 став 1 точки д), ж) и з) од Законот за семејството (,,Службен весник на Република Македонија, бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15)

**66.** Иницијатива поднесена од Здружението за заштита од дискриминација од Виница, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 130/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став 2 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018)

**67.** Иницијатива поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 127/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 389-а во делот „договорна“ од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21)

**68.** Понуда од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2418, за КО Ваташа, на КП бр. 4529/2, викано место/улица Д. Чекоров

**69.** Понуда од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 236, за КО Глишиќ, на КП бр. 1435, викано место/улица Шишка

**70.** Понуда од нотар Арбана Дестани-Адеми од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 496, за КО Умин Дол, на КП бр. 291, викано место/улица Блок

**71.** Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3755 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр. 2320, викано место/улица ул. Лука Геров

**72.** Понуда од нотар Љубица Стефкова Начевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2211 за КО Бардовци, на КП бр. 1605, викано место/улица Село

**73.** Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4965 за КО Сингелиќ-1, на КП бр. 2474, викано место/улица Х. Жефаровиќ

**74.** Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 91031, за КО Охрид 4, на КП бр. 5438/5, КП бр. 5575/3 и КП бр. 6417/11, викано место/улица Беј Бунар

**75.** Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 1130/1742 идеален дел од КП бр. 1824, КО Бардовци, викано место/улица Шамак, со Имотен лист бр. 1509

**76.** Понуда од нотар Татјана Адамоска-Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 58580 за КО Прилеп, на КП бр. 20576/1, викано место/улица М. Пијаде

**77.** Понуда од нотар Весна Дончева од Скопје за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр. 3904 за КО Ѓорче Петров 4 -Влае на КП бр. 8058, викано место/улица Мраморец

**78.** Известување под И. бр. 220/2021 од извршител Премтим Ќерими именуван за подрачјето на Основниот суд Куманово, Кратово и Крива Паланка за Заклучок за втора усна јавна продажба

**79.** Кадровски прашања

**80.** Прашања и предлози

**81.** Информација за спроведување на ИПА проектот „Подготовка на стратешки мапи за бучава и акциски планови со програма со мерки (Development of Strategic Noise Maps and Action Plans with Programs of Measures)“

**82.** Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц. о. , за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

**83.** Извештај за финансиското работење за период од 1 јули 2021 до 30 септември 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

**84.** Информација за прогрес на имлементираните проекти од Стратегијата за Роми во Министерството за труд и социјална политика (за период јули-декември 2021 година)

**85.** Информација за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637)

**86.** Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (сметка-Основен буџет)

**87.** Извештај од сумирани резултати од спроведена квантитативна евалуација за работата на медијаторите за 2019 и 2020 година, констатирани забелешки и наведени потешкотии при извршувањето на медијаторски работи на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

**88.** Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2022 година, со Предлог-одлука

**89.** Информација за поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“

**90.** Информација за измена на Решението за формирање на Координативно тело за следење и насочување на изработката на одделни фази на Просторниот план на Република Северна Македонија, со Предлог-решение

**91.** Информација од претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведена арбитражна постапка од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А. Ш. , против Република Северна Македонија, со Предлог во врска со избор на адвокатска куќа

**92.** Предлог-решение за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови

**93.** Информација за преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на појавата на африканска чума кај свињите

**94.** Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ ц. о.-Скопје за 2022 година

**95.** Информација во врска со склучување, реализација и финансиски импликации за проектите Терминал на течен природен гас Александруполи, обезбедување на капацитет за природен гас и Гасната централа Александруполи кои произлегуваат од потпишаните Меморандуми за разбирање, склучени помеѓу АД ЕСМ Скопје, ГАСТРЕЈД С. А и Дамко енерџи С. А

**96.** Информација во врска со задолжението согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, бр. 41-824/1 од 30. 1. 2022 година, со Предлог-одлука

**97.** Информација во врска со Барање за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година бр. 08-136/1 од 24. 1. 2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје

*
*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

Владата без забелешки ги усвои записниците од 4-та седница, одржана на 20 јануари 2022 година; 5-та седница, одржана на 21 јануари 2022 година; 6-та седница, одржана на 24 јануари 2022 година; 7-та седница на, одржана на 26 јануари 2022 година; 8-та седница, одржана на 28 јануари 2022 година и 9-та седница, одржана на 30 јануари 2022 година.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи од разгледување Предлог-решението за назначување претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интерресорската работна група за воспоставување Национален акциски тим за борба против тероризмот, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2021 година и на Финансиските извештаи за 2021 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2021 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2021 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар -Скопје за 2021 година, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2021 година и на Финансиските извештаи за 2021 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2021 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2021 година на Акционерското друштво за стопанисување со

деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии, во соработка со Бирото за јавни набавки да подготват предлог за изменување на Законот за јавните набавки во однос на ревизиите според Европските најдобри практики/Европските директиви, односно критериум при избор на овластен ревизор да не се зема само најниската цена, туку и очекувањата и квалитетот за соодветната ревизија.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година со состојба 31 декември 2021 година и ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2022 година со состојба 31 декември 2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 и 2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии,во соработка со Бирото за јавни набавки да подготват предлог за изменување на Законот за јавните набавки во однос на ревизиите според Европските најдобри практики/Европските директиви,односно критериум при избор на овластен ревизор да не се зема само најниската цена туку и очекувањата и квалитетот за соодветната ревизија.

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата за кредитите од Посебниот кредитен фонд Ковид 1 и кредитите од Компензационите фондови Ковид 2, со дополнување, Предлог-одлука и Анекс кон Договор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од компензационите фондови од странска помош ( со која се одложува активирањето на инструментите за обезбедување за кредити во задоцнување повеќе од 90 дена и со износи над 5. 000 денари по основ на договорите за кредит од Компензационите фондови (Ковид 2 кредитна линија) директно кредитирање заклучно со 30. 6. 2022 година), во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за финансии да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на Посебниот кредитен фонд (Ковид 1) со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје со кој ќе се наложи одложување на активирање на инструментите за обезбедување по основ на договорите за кредит од оваа кредитна линија за кредити во задоцнување повеќе од 90 дена и со износи над 5. 000 денари заклучно со 30. 6. 2022 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1725), во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 2181/1), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1887), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1888), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1892/2), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1733), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1733), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1728), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1733), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување спогодби согласно член 550 став 2 и 551 став 1 од Законот за кривичната постапка, ја усвои и го задолжи Министерството за правда да склучува спогодби со оштетените лица утврдени во членовите 549 и 553, а согласно член 550 став 2 и член 551 став 1 од Законот за кривичната постапка, согласно поставени критериуми од страна на судовите во износи на досудената нематеријална штета.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за размена на недвижни ствари во сопственост на Република Северна Македонија со недвижни ствари во сопственост на Општина Струга (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П. О.-Скопје (ПМВ „опел фронтера“), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П. О.-Скопје (тракторски приколки), во предложениот текст.

3. Одлуката за за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Русе Бошковски“ село Ростуше–Ростуше (ПМВ „сеат толедо“), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (ПМВ „форд фокус“), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Регулаторната комисија за домување (ПМВ „мерцедес Е280“), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „мерцедес Е280“), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид (ПМВ „гранд чироки“), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен студентски дом „Скопје“- Скопје (ПМВ „ауди А3“), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „ауди А2“), во предложениот текст.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (ПМВ „голф 5“), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „фолксваген шаран“), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „форд фокус“), во предложениот текст.

13. Новиот текст на Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (ТМВ „фолксваген“), во предложениот текст.

14. Одлуката за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (ПМВ „мерцедес ЦЛК200“), во предложениот текст.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (ПМВ „ауди А8), во предложениот текст.

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (ПМВ „ауди А8“), во предложениот текст.

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (ПМВ „субару форестер“), во предложениот текст.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје (ПМВ „пежо 307“), во предложениот текст.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Струмица (ПМВ „шевролет авео“), во предложениот текст.

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Боговиње (ПМВ „шевролет калос“), во предложениот текст.

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Теарце (ПМВ „нисан Микра“), во предложениот текст.

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Теарце (ПМВ „алфа Ромео“), во предложениот текст.

23. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за разузнавање (ПМВ „ауди Q7“), во предложениоте текст.

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чучер Сандево (ТМВ „ивеко“), во предложениот текст.

25. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Струмица (ПМВ „пасат“), во предложениот текст.

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „пасат“), во предложениот текст.

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (ПМВ „фејтон“), во предложениот текст.

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц. о (ТМВ „ивеко“), во предложениот текст.

29. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, во предложениот текст.

30. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за транспорт и врски-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, во предложениот текст.

31. Новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државен студентски дом „Пелагонија“ Скопје, во предложениот текст.

32. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

33. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Дирекцијата за заштита и спасување, во предложениот текст.

34. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за здравство, во предложениот текст.

35. Најновиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го разгледа Предлогот на закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам* (нов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да изврши усогласување на кореспондентните табели и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам* согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определен д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Блажо Трендафилов, директор на Управата за финансиско разузнавање.

## Точка 18

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за извршените преговори за усогласување на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Република Северна Македонија во Програмата Фискалис за периодот 2021-2027 година, со усогласен Договор и го прифати Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Република Северна Македонија во Програмата Фискалис за периодот 2021-2027 година.

2. Се определува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за учеството на Северна Македонија во Програмата Фискалис за периодот 2021-2027 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во рок од 30 дена да достави допис до Директоратот за соседство и преговори за проширување на Европската комисија за добивање на информација за можноста и висината на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) учеството во вкупниот финансиски придонес за Програмата Фискалис за периодот 2021-2027 година.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да го информира Министерството за финансии-Управата за јавни приходи за висината на ИПА учеството во вкупниот финансиски придонес за Програмата Фискалис за периодот 2021-2027 година во рок од три дена по добивање на соодветните информации за начинот на финансирање од страна на Директоратот за соседство и преговори за проширување на Европската комисија.

5. Се задолжува Министерството за финансии-Управата за јавни приходи навремено да го планира во својот буџет вкупниот износ на годишниот финансиски придонес за учеството на Република Северна Македонија во Програмата Фискалис за периодот 2021-2027 година.

**Точка 19**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89-км. 22+246,05, за стабилизација на косина на км. 14+648- км. 14+950 КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89-км. 22+246,05, за стабилизација на косина на км. 14+648- км. 14+950 КО Кленоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 5+460 до км 5+580 КО Ботун, Општина Дебрца, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косини и санација на свлечишта, од км 5+460 до км 5+580 КО Ботун, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косина на км 2+280 до км 2+495, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72, за стабилизација на косина на км 2+280 до км 2+495, КО Ботун, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Деве Баир-Кафасан, патна делница Песочани-Требениште, км0+000,00-км12+698,72. За санација и стабилизација на косина на км 4+400 до км 4+670, КО Ботун, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Песочани-Требениште, км 0+000,00-км 12+698,72 за санација и стабилизација на косина на км 4+400 до км 4+670, КО Ботун, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89- км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 16+240-км 16+620 КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89- км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 16+240-км 16+620 КО Попоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир -Ќафасан, патна делница Требеништа-Подмоље-Охрид, од км. 0+000 до км. 10+263,26, за стабилизација на косина на км. 0+000-км. 0+218, КО Требениште, Општина Дебрца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Требеништа-Подмоље-Охрид, од км 0+000 до км 10+263,26, за стабилизација на косина на км 0+000-км 0+218, КО Требениште, Општина Дебрца, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89-км. 22+246,05, за стабилизација на косина на км. 14+990-км. 15+310 КО Попоец и КО Кленоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за измена и дополна на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км. 10+424,89-км. 22+246,05, за стабилизација на косина на км. 14+990-км. 15+310 КО Попоец и КО Кленоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина на км 15+690-км 16+114, КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05 за стабилизација на косина на км 15+690-км 16+114, КО Попоец, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина км 21+490-км 21+530 КО Врбјани, Општина Дебарца, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе, Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за стабилизација на косина км 21+490-км 21+530 КО Врбјани, Општина Дебарца, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа најновиот текст Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 16+620-км 17+020, КО Попоец, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Подвис-Пресека, км 10+424,89-км 22+246,05, за санација и стабилизација на косина на км 16+620-км 17+020, КО Попоец, Општина Кичево, предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за постапката на ликвидација на Друштвото со ограничена одговорност за водоснабдување „Подсистем Овче Поле“ Свети Николе во ликвидација и Водостопанска работна организација „Мавровица“ Свети Николе во ликвидација, со предлог за разрешување на ликвидаторот и назначување на нов ликвидатор и ја усвои со следните заклучоци:

1. За ликвидатор на Друштвото со ограничена одговорност за водоснабдување „Подсистем Овче Поле“ Свети Николе во ликвидација и Водостопанска работна организација „Мавровица“ Свети Николе во ликвидација се предлага Дејан Серафимов, со адреса на живеење на ул. Блаже Конески бр. 12, Свети Николе.

2. Се укажува на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во рок од седум дена од добивањето на предлогот за нов ликвидатор, да ги спроведе сите потребни активности за разрешување на лицето Владо Ивановски од функција ликвидатор и назначување на лицето Дејан Серафимов, со адреса на живеење на ул. Блаже Конески бр. 12, Свети Николе, за ликвидатор на Друштвото со ограничена одговорност за водоснабдување „Подсистем Овче Поле“ Свети Николе во ликвидација и Водостопанска работна организација „Мавровица“ Свети Николе во ликвидација.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Александар 2- Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Винарска визба Лозар, Битола, со Предлог-решение ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (хотел Винарска визба Лозар, Битола, со седиште на ул. 8 Септември бр. 2Б Горно Оризар, Битола за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Гуштерица“, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Гуштерица“, Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-јаглен на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје на локалитетот „Живојно“ Општина Новаци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-јаглен на локалитетот ,,Живојно“, Општина Новаци, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги Прима виста ДООЕЛ Виница, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги Прима виста ДООЕЛ Виница, бр. 12-7518/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 12-7518/1 од 31. 7. 2018 година склучен со Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, заштитно друштво за производство, трговија и услуги Прима виста ДООЕЛ Виница.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АС Фрут груп увоз-извоз ДОО Скопје, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги АС Фрут груп увоз-извоз ДОО Скопје, бр. 13-7594/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7594/1 од 31. 7. 2018 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги АС Фрут груп увоз-извоз ДОО Скопје.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за градежништво услуги производство и трговија МН-Плака ДООЕЛ увоз-извоз, с. Радолишта, Струга, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за градежништво услуги производство и трговија МН-Плака ДООЕЛ увоз-извоз, с. Радолишта, Струга, бр. 10-7595/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-7595/1 од 31. 7. 2018 година, склучен со Друштво за градежништво услуги производство и трговија МН-Плака ДООЕЛ увоз-извоз, с. Радолишта, Струга.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за угостителство Јаја индустри ДООЕЛ Штип, со Предлог-одлука и Нацрт –спогодба и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за угостителство Јаја индустри ДООЕЛ Штип, бр. 13-7607/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7607/1 од 31. 7. 2018 година склучен со Друштво за угостителство Јаја индустри ДООЕЛ Штип.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за графички услуги и промет Про солушн ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и Нацрт- спогодба и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за графички услуги и промет Про солушн ДООЕЛ Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за графички услуги и промет Про солушн ДООЕЛ Скопје, бр. 13-7598/1, склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

3. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7598/1 од 31. 7. 2018 година, склучен со Друштво за графички услуги и промет Про солушн ДООЕЛ Скопје.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Н-А Промет ДОО Гостивар, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги Н-А Промет ДОО, Гостивар, бр. 12-7517/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 12-7517/1 од 31. 7. 2018 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги Н-А Промет ДОО Гостивар.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги Тотал принт ДООЕЛ Струмица како корисник на финансиска поддршка, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги Тотал принт ДООЕЛ Струмица како корисник на финансиска поддршка, бр. 13-7596/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7596/1 од 31. 7. 2018 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги Тотал принт ДООЕЛ Струмица.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговско друштво за производство на композитни електроизолациони материјали Еуропрофил АД с. Алданци-Крушево, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Трговско друштво за производство на композитни електроизолациони материјали Еуропрофил АД село Алданци-Крушево, бр. 10-7560/1 склучен на 31 јули 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-7560/1 од 31 јули 2018 година склучен со Трговско друштво за производство на композитни електроизолациони материјали Еуропрофил АД с. Алданци-Крушево.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ДППУ Варади Никола и др. ДОО, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на ДППУ Варади Никола и др. ДОО, бр. 11-7992/1 склучен на 15. 10. 2019 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 11-7992/1 склучен на 15. 10. 2019 година со ДППУ Варади Никола и др. ДОО.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштво за производство, трговија и услуги АЛ-МАК увоз-извоз ДОО Струмица, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги АЛ-МАК увоз-извоз ДОО Струмица, бр. 10-7556/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 10-7556/1 од 31. 7. 2018 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги АЛ-МАК увоз-извоз ДОО Струмица.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и др. ДОО Кавадарци, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и др. ДОО Кавадарци.

2. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштво за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и др. ДОО Кавадарци, бр. 13-7571/1, склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

3. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7571/1 од 31. 7. 2018 година, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги ИГМ-Трејд Илија и др. ДОО Кавадарци.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7575/1 од 31. 7. 2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за трговија и услуги Осумнаеска логистик ДОО експорт-импорт Скопје, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за трговија и услуги Осумнаеска логистик ДОО експорт-импорт Скопје, бр. 10-7575/1 склучен на 31. 7. 2018 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 13-7575/1 од 31. 7. 2018 година склучен со Друштвото за трговија и услуги Осумнаеска логистик ДОО експорт-импорт Скопје.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, инженеринг, проектирање, монтажа и трговија Тинг ДООЕЛ Кочани, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба за раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 11-7970/1 од 15. 10. 2019 година склучен со Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, инженеринг, проектирање, монтажа и трговија Тинг ДООЕЛ Кочани, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 11-7970/1 од 15. 10. 2019 година склучен со Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, инженеринг, проектирање, монтажа и трговија Тинг ДООЕЛ Кочани.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спогодбено раскинување на Договор за доделување на финансиска поддршка склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство трговија и услуги Детал велд инжинеринг ДООЕЛ Кавадарци, со Предлог-одлука и Нацрт-спогодба ја усвои Информацијата, со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство трговија и услуги Детал велд инжинеринг ДООЕЛ Кавадарци, бр. 09-9600/1 склучен на 15. 10. 2020 година, во предложениот текст.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за раскинување на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-9600/1 од 15. 10. 2020 година склучен со Друштвото за производство трговија и услуги Детал велд инжинеринг ДООЕЛ Кавадарци.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-10980/1, склучен на 14 октомври 2021 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Фармаролли ДООЕЛ Петровец, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции да достави известување до Друштвото за производство, трговија и услуги Фармаролли ДООЕЛ Петровец, дека склучениот Договор за доделување на финансиска поддршка, бр. 09-10980/1 склучен на 14 октомври 2021 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Фармаролли ДООЕЛ

Петровец е ништовен, од причина што истиот е во спротивност со одредбите на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) поради што не предизвикува правно дејство.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 11-8084/1, склучен на 15. 10. 2019 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за рециклажа и услуги Еко метал 16 ДООЕЛ, Скопје, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции, да достави известување до Друштвото за рециклажа и услуги Еко метал 16 ДООЕЛ Скопје, дека склучениот Договор за доделување на финансиска поддршка, бр. 11-8084/1 склучен на 15. 10. 2019 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за рециклажа и услуги Еко метал 16 ДООЕЛ, Скопје е ништовен, од причина што истиот е во спротивност со одредбите на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 83/18, 98/19 и 124/19) поради што не предизвикува правно дејство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за приемот на Република Северна Македонија во полноправно членство во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот-ИХРА, со Правно-необврзувачка работна дефиниција и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја прифати Правно-необврзувачката работна дефиниција на ИХРА за антициганизам/дискриминација на Ромите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од десет дена да ги информира сите органи на државната управа и сите институции кои немаат статус на орган на државна управа, да ја земат предвид прифатената Правно-необврзувачка работна дефиниција на ИХРА за антициганизам/дискриминација на Ромите во вршење на работите од нивна надлежност.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од десет дена да ја информира Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот, дека Владата на Република Северна Македонија ја прифатила Правно-необврзувачката работна дефиниција на ИХРА за антициганизам/дискриминација на Ромите.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1001 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија, предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1014 на Советот од 21 јуни 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2021/1278 од 30 јули 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/1720 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Никарагва, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/1277 на Советот од 30 јули 2021 година за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Либан, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 30", во Сојузна Република Германија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „KFOR 30“, во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор-Скопје (војнички ќебиња), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар (Здружение Музички едукативен центар-Скопје), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица ,,Свети Јован” на ул. Иљо Шопов бр. 43/12-Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија Скопје (товарно моторно возило „фолсваген транспортер"), во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Собранието на Република Македонија, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и нема забелешки по однос на содржината на текстот на Предлогот на закон доколку на тој начин би се постигнала независна и ефикасна собраниска служба и вреднувани службеници, почитувајќи ги принципите на професионална администрација и систем на заслуги.

## Точка 62

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 38 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), поднесено од градоначалникот на Општина Свети Николе и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт со законодавната, извршната и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Според членот 51 од Уставот „Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите. "

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно членот 114, став (1) на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

Согласно членот 115, став (1), од Уставот, АМАНДМАН XVII во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници, учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон. Во ставот (2) од овој член е утврдено дека општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија ги донесе и прогласи на седницата одржана на 11 јануари 2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2019). Согласно АМАНДМАНОТ XXXIII на Уставот зборовите: „Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија", а зборот „Македонија" се заменува со зборовите: „Северна Македонија", освен во членот 36 од Уставот на Република Македонија.

Уставниот закон за спроведување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2019) во членот 1 став (1) утврдува дека „Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија влегуваат во сила со влегувањето во сила на Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство во НАТО од Првата страна на Конечната спогодба. “

Согласно членот 2 став (1) од овој закон „Одредбите од Амандманот XXXIII во прописите и другите акти на државните органи се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон. “ Во членот 6 од истиот закон е утврдено дека „Овој уставен закон за спроведување на Амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија го прогласува Собранието на Република Македонија и влегува во сила со денот на влегувањето во сила на уставните амандмани. “

Уставниот закон има карактер на преодни уставни одредби, односно уставниот закон е средство за спроведување на Уставот, односно уставните измени во пракса, и со него се уредува (определува) начинот и времето на примена на одделни одредби од прогласените измени на Уставот.

Владата на Република Македонија во Службен весник на Република Македонија бр. 36/2019 објави дека „Условите предвидени со Одлуката за прогласување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија се исплнети и Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија ги донесе на седницата одржана на 11 јануари 2019 година, влегуваат во сила на 12 февруари 2019 година. Со влегувањето во сила на уставните амандмани XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI влегува во сила и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Македонија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2019 година. “

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината (советот и градоначалникот), избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори.

Во членовите 37 и 38 Законот содржи одредби со кои се утврдува начинот на конститиурање на советот.

Согласно членот 37 од овој закон „Првата седница на новоизбраниот совет ја свикува претседателот на претходниот состав најдоцна во рок од 20 дена од денот на завршувањето на изборите. Ако советот не се свика во рок од ставот 1 на овој член, членовите на советот сами се состануваат и под претседавање на најстариот член на советот го конституираат советот во рок од десет дена по истекот на рокот од ставот 1 на овој член. Ако седницата не се одржи во рокот од ставот 2 на овој член ќе се распишат нови избори за членовите на советот на начин утврден со закон. “

Во членот 38 од истиот Закон е утврдена задолжителната обврска на членовите на советот да дадат и потпишат свечана изјава, согласно содржината утврдена во овој закон.

Во содржината на оваа изјава се содржани зборовите: „Република Македонија“, бидејќи не е извршена измена на Законот за локална самоуправа и истиот не е усогласен со Амандаманот XXXIII. Меѓутоа, имајќи го предвид фактот дека Уставот е највисок правен акт во државата, а уставните норми имаат супериорно-најсилно правно дејство, односно согласно цитираниот член 51 од Уставот сите закони и прописи мора да бидат во согласност со Уставот, неспорно е дека зборовите „Република Македонија“, согласно Амандманот XXXIII се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“ и неспорно е дека употребата на овие зборови, односно употребата на новото име на државата во сите прописи и акти на државните органи започнува со денот на влегувањето на сила на уставните амандамани, односно од 12 февруари 2019 година.

Имајќи го предвид наведеното јасно произлегува дека употребата на новото име на државата директно и непосредно се применува во прописите и актите, а со тоа и директно се применува и во членот 38 од Законот за локалната самоуправа, создавајќи обврска при примената на овој член да се користи новото уставно име на државата, односно да се користат зборовите „Република Северна Македонија“ во свечената изјава која треба да ја дадат и потпишат новоизбраните членови на советите.

Секоја употреба на други зборови, освен зборовите „Република Северна Македонија“ во свечената изјава е спротивна на Уставот на Република Северна Македонија, како највисок правен акт во хиерархијата на правниот поредок.

Воедно, ја потенцираме и законската обврската којашто ја имаат новоизбраните членови на советот за давање и потпишување на свечената изјава, со содржина согласно Закон и Устав, како формален чин, којшто заедно со верификацијата на мандатот се неопходни заради полноправно вклучување на новоизбраните членови на совет во работата на советот. Во таа насока, го споменуваме Решението на Уставниот суд на Република Северна Македонија, заведено под У. бр. 115/2006 од 20 декември 2006 година, согласно кое според оценката на Судот „се до моментот на давањето на свечената изјава/заклетва, тоа лице има својство на член на Совет и може да присуствува на седниците на Советот, неговото присуство е релевантно за потребниот број за работа на Советот на општината/единицата на локалната самоуправа, но заради формалниот недостаток нема право да одлучува, односно истиот нема право на глас. “

Имајќи ги предвид штетните последици коишто можат да произлезат од нефункционирањето на советите, односно општините, како и штетните последици со коишто се нарушува меѓународниот углед на државата и се поткопува правниот поредок на Република Северна Македонија, поради непочитување на Уставот и ратификуваните меѓународни договори, Министерството за локална самоуправа со допис бр. 02-2639/1 од 4. 11. 2021 година достави мислење до сите единици на локалната самоуправа, согласно горенаведеното и со кој ја потенцира неопходноста за градоначалникот, за членовите на Советот и за општинската администрација да се придржуваат кон Уставот и законите, во делот на нивните обврски. Наведеното мислење е објавено и на веб-страницата на Министерството за локална самоуправа.

Исто така, по однос на употребата на уставното име во Законот за локалната самоуправа е поднесена и иницијатива пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, од страна на адвокат Виктор Божиновски од Куманово, со која се бара

поведување на постапка за оценување на уставноста на сите одредби од Законот за локалната самоуправа кои ги содржат зборовите „Република Македонија“. По однос на оваа иницијатива, Владата на Република Северна Македонија со допис 40. 6-12656/1-21 од 11. 1. 2022 година достави мислење до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, а со оглед дека одредбата од Законот за локалната самоуправа е јасна и недвосмислена, Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го отфрли како неоправдано барањето за давање автентично толкување на членот 38 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од градоначалникот на Општина Свети Николе.

**Точка 63**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 85 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21) и член 2 од Закон за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 239/19), поднесено од градоначалникот на Општина Богданци и притоа го утврди следново мислење:

Со Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 275/19, 14/20 и 215/21) се уредуваат статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20) се врши усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа и на помошно-стручните административни службеници им се признава повисокиот степен на стекнати квалификации. Со оваа измена не е извршено усогласување со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

Членот 85 став (1) од Законот за административни службеници предвидува дека административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено.

Членот 107 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20 и 151/21) пропишува дека платата на работникот за работа со полно работно време не може да биде пониска од минималната плата утврдена според закон и колективен договор. Членот 2 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 32/17, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 239/19) пропишува дека минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време. Членот 3 став (1) од истиот закон предвидува дека право на

минимална плата, според одредбите од овој закон, имаат сите работници, во висина утврдена согласно со овој закон, а согласно член 4 став (2) министерот за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во март секоја година, која ќе започне да се исплатува со платата за април во тековната година. Ова значи дека на ниту еден работник кој работи со полно работно време не може да му се исплати плата која е пониска од утврдената и на горенаведениот начин објавена минимална плата.

Имајќи го предвид членот 85 од Законот за административни службеници, за помошно-стручните административни службеници има основ да им се исплаќа минималната плата, затоа што Законот за минимална плата во Република Северна Македонија е посебен закон со кој се регулира ова прашање.

Врз основа на претходно изнесеното, членот 85 став (1) од Законот за административни службеници и членот 2 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија се доволно јасни и прецизни, и поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на овие одредби од законите.

## Точка 64

Владата го разгледа Извештајот на ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за период од 15 септември 2020 година до 30 септември 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Во целост е анализиран Извештајот за работа на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се утврди дека се постигнати резултати во организираните настани, односно функционирањето на Универзитетот со единиците во негов состав, во:

- Наставно-образовната дејсност на универзитетот, односно единиците во состав за студиите од прв циклус академски и стручни студии, втор циклус магистерски и специјалистички студии и трет циклус на докторски студии на едниците во состав на Универзитетот, се организирани согласно Законот за високото образование и Статутот на универзитетот и се во континуитет со законот, односно акредитациите и реакредитациите на студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии;

- Почитувани се роковите за обезбедување на самоевалуација и надворешна евалуација на универзитетот, односно единиците во негов состав;

- Зајакната е меѓународната соработка со универзитети од повеќето европски држави и од Балканот, учеството на конференци, форуми и студиски престои, учество на универзитетот во европските програми за соработка (Erasmus + Programe, EU Horizon programme, IAEA, IPA, Cost programme, Clinical studies, AUF-The Franophone University Agency, UCPM-European Union Civil Protection Mechanism, Bilateral Projects) и други активности кои се реализирани во текот на наставната 2020-2021 година, како што се стипендии, грантови, летни школи и др. ;

- Донесени се повеќето од правилниците усогласени со законските решенија, како што се Правилникот за користење на средства од Солидарниот фонд на Универзитетот, Правилникот за кофинансирање на дејноста на уметничките факултети, Правилникот за распределба на средства за информативни, културни спортски и други активности, Правилникот за научно-истражувачки проекти, како и други правилници кои произлегуваат од Законот, Статутот на Универзитетот, односно на единиците во состав;

- Реализирани се проекти, односно активности согласно стратегијата и акциониот план на Универзитетот (GoogleSchoolar, ResearchGate и ORCID), работат на подобрување на рејтингот на Универзитетот на светско ниво.

Врз основа на горенаведеното од содржината на Извештајот за работа на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се гледа дека Универзитетот работи кон зајакнување и подобрување на квалитетот на високообразовната дејност, научно-истражувачката дејност, наставно-образовната дејност, меѓународната соработка, финасирањето на интегративните и други функции на Универзитетот, издавачката дејност, но во делот за финансиското работење на Универзитетот, Извештајот за работа на ректорот на Универзитетот ги содржи само информациите за потрошените средства од јавните набавки за потребите на Универзитетот, односно за потребите за единиците во состав, при што Владата на Република Северна Македонија, во однос на овој дел укажува на потребата за дополнување на истиот со цел да може да се произнесе и од фискален аспект и да утврди дека истиот соодветствува со евиденцијата на Министерството за финансии за Универзитетот за академската 2020/2021 година.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Василчо Илијев, адвокат од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 136/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 102 став 1 точки д), ж) и з) од Законот за семејството (,,Службен весник на Република Македонија, бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 102 став 1 точки д), ж) и з) од Законот за семејството, со кој како што е наведено во предметната иницијатива се повредуваат одредбите од член 8 став 1 алинеите 3, 8 и 11, член 9, член 40 и член 41 од Уставот на Република Северна Македонија, како и дека оспорениот член не е во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Согласно член 8 став 1 алинеите 3, 8 и 11 од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија меѓу другите се и: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот; хуманизмот, социјалната правда и солидарноста; и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Согласно член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со членот 40 од Уставот на Република Северна Македонија, Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството, како и обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа.

Со членот 41 од Уставот на Република Северна Македонија, право на човекот е слободно да одлучува за создавање на деца.

Согласно член 54 ставовите 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Согласно член 7 став 1 од Законот за семејството, родителството настанува со раѓање и посвојување.

Согласно член 97 став 1 од Законот за семејството, посвојувањето може да се заснова само ако е во согласност со најдобриот интерес на малолетникот.

Согласно член 102 од Законот за семејството, посвоител не може да биде лице:

а) на кое му е одземено или ограничено родителското право, како и лице на кое му е изречена казна за сторено кривично дело со ефективна казна затвор во траење од над шест месеца,
б) на кое му е ограничена или одземена деловната способност,
в) за кое постои основано сомневање дека положбата на посвоител ќе ја употреби на штета на посвоеникот,
г) кое е душевно болно или лице со пречки во интелектуалниот развој, како и лице кое боледува од болест што може да го доведе во опасност здравјето и животот на посвоеникот
д) чија физичка попречност е од таков степен што може оправдано да се сомнева во можноста да се грижи за детето;
ѓ) ако е постаро од 45 години;
е) зависник од дрога или други психотропни супстанции или алкохол;
ж) кое има тешко хронично заболување или е болно од неизлечива заразна болест и
з) ако мислењето на стручниот тим на центарот за социјална работа е негативно во однос на можноста тие лица да бидат родители.

Во предметната иницијатива е наведено дека со оспорениот член, лицата со физичка попреченост и хронично болните лица се ставаат во нееднаква положба во однос на другите граѓани, бидејќи им е оневозможено да бидат посвоители, како и дека на центарот за социјална работа му се дадени широки овластувања, по слободна оцена да дава мислење дали некое лице може да биде родител, без воопшто да се наведат критериумите, како и дека поради тоа оспорениот член е во спротивност со Уставот и меѓународните закони.

Во Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија, бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15) утврдени се условите и постапката за посвојување на дете.

Во член 104 од Законот за семејството, утврдено е дека постапката за посвојување на дете започнува со поднесување на барање за посвојување, заедно со документите, кои се утврдени во Правилникот за водење на евиденција на посвоените лица и за определување на документи за посвојувањето („Службен весник на Република Македонија, бр. 32/11 и 61/13) и тоа:

- Извод од матичната книга на родените;
- Уверение за државјанство;
- Уверение од суд за неосудуваност;
- Уверение од суд дека не му е одземено вршењето на родителското право;
- Уверение од суд дека не му е одземена деловната способност;
- Лекарско уверение на подносителот за здравствената и психофизичката способност да биде родител;
- Потврда за висината на месечните примања;
- Уверение од Управата за јавни приходи за материјалната состојба;
- Доказ за сопственост на стан, куќа и викендичка;
- Доказ за завршено образование и
- Извод од матичната книга на венчаните, кога како подносители на барањето се јавуваат брачни другари.

Лекарското уверение е еден од документите кој треба да биде доставен од страна на лицето кое сака да посвои дете и истото треба да содржи мислење дали лицето е здравствено и психофизички способно да биде родител. Комисијата за засновање на посвојување врз основа на мислењето дадено во лекарското уверение, донесува соодветно решение.

Постапката пред центарот за социјална работа е уредена и со Законот за социјалната заштита. Со членот 114 алинеја 4 е утврдено дека центарот за социјална работа решава за работи утврдени со прописите за семејно правните односи.

Во член 4 во точките 5), 7) и 8) од Законот за социјалната заштита, утврдено е што се смета како лице со попреченост и вршење на основни и инструментални активности од секојдневниот живот.

Имено, согласно овој закон, како лице со попреченост се смета лице кое има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки може да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите, а основни активности од секојдневниот живот се: одржување лична хигиена, облекување, самостојно користење тоалет, функционална мобилност во домот, самохранење и други слични активности, додека инструментални активности од секојдневниот живот се: чистење, поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија и други слични активности. За овие лица, со Законот за социјалната заштита се предвидени конкретни права и услуги од социјалната заштита, со цел да се овозможи и обезбеди помош за нивно целосно вклучување во општеството на еднаква основа со другите и соодветна поддршка лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

Согласно член 104-б од Законот за семејството, центарот за социјална работа врши процена за подобноста на посвоителите и за мотивите на посвојувањето, преку континуирано следење на потенцијалните посвоители, во период од четири месеци, со примена на методите на стручната, советодавната и советовалишната интердисциплинарна тимска работа, а врз основа на Програмата за процена на посвоителите, изготвена од ЈУ Завод за социјални дејности.

Имено, центарот за социјална работа согласно Програмата, при процената на подобноста на посвоителите и мотивот за посвојување, применува повеќе методи и техники на работа, како што се: разговор/ интервју со подносителите, увид во домот, набљудување, Корнел индекс, временска линија, прашалник на неодамнешни настани, хиерархија на вредности, прашалник за воспитание.

Врз основа на резултатите од процената, стручните работници (социјален работник, психолог, педагог и правник) изготвуваат наод и мислење на стручен работник и наод и мислење на стручен тим и предлог за упис во регистарот на можни посвоители.

Законот за семејството, е усогласен и со Европската конвенција за посвојување на деца („Службен весник на Република Македонија,“ бр. 12/02), во кој меѓународен документ во член 8 и член 9 е пропишана обврска на државата потписничка дека не смее да одобри посвојување се додека не изврши соодветно испрашување во врска со посвојувачот, детето и неговото семејство, додека не се увери дека посвојувањето е во интерес на детето, со посебно внимание на детето да му се обезбеди стабилен и хармоничен дом. За посвоителите се испитуваат околности, значајни за утврдување на подобноста на посвоителот, а кои се однесуваат на неговата личност, здравствена состојба, имотна состојба, односите во неговото семејство, способноста да ја врши родителската должност за посвоеното дете, мотивите за посвојување и други околности. Испитувањето на овие факти се доверува на лице или орган, овластен со закон, да ја спроведе постапката за посвојување, при што се бара стручните работници да се квалифицирани, преку соодветни обуки или со стекнато искуство за водење на постапката. Согласно Конвенцијата, органот што ја спроведува постапката, треба да има можност да прибира и други податоци или докази, за кои смета дека се битни во постапката за посвојување.

Законодавецот, при определувањето на условите и критериумите за посвојување на дете, се водел од најдобриот интерес на детето, со цел со посвојувањето да се воспостави однос родител-дете, кое е најблизок до односите кои постојат во биолошкото семејство. Врз основа на претходно наведените правни аргументи, на мислење сме дека со ваквата законска определба, не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото и еднаквоста на граѓаните, утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека член 102 став 1 точки д), ж) и з) од Законот за семејството (,,Службен весник на Република Македонија, бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) е во согласност со член 8 став 1 алинеите 3, 8 и 11, член 9, член 40 и член 41 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 102 став 1 точки д), ж) и з) од Законот за семејството.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здружението за заштита од дискриминација од Виница, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 130/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став 2 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Предлагачот на Иницијативата наведува дека одредбите од член 68 став (2) од Законот за нотаријатот, според кои предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, приговорот против решението со кое е издаден нотарски платен налог или по однос на одлуката за трошоците, приговорот против решението на нотарот со кое се отфрла предлогот како неуреден, предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, приговорот против решението на нотарот за укинување на потврдата за правосилност и извршност, приговорот против одлуката на нотарот со која се одбива предлогот за укинување на потврдата на правосилност и извршност, жалбата против решението на судот, задолжително ги составува адвокат и содржат адвокатски печат и потпис, освен доколку доверител е Република Македонија, е спротивен на одредбите од членот 9, членот 51 и членот 54 од Уставот на Република Северна Македонија.

Едновремено, предлагачот на Иницијативата наведува дека одредбата од членот 68 став 2 од Законот за нотаријатот е спротивна и на членот 14 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи поради што предлага Уставниот суд наведената одредба од Законот за нотаријатот да ја укине.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 јули 2017 година, донесе Решение У. бр. 141/2016 со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 68 ставови 2, 3 и 4 од Законот за нотаријатот, бидејќи истиот не е во спротивност со Уставот, односно Уставниот суд во образложението утврдил дека присуството на адвокатите во постапката пред нотар било со цел обезбедување правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права и врз закон заснованите интереси во постапката пред органите во вршењето на јавното овластување утврдено со Законот за адвокатурата и друг закон.

По поднесена друга Иницијатива за истата одредба, Уставниот суд на 21 април 2021 година има донесено Решение У. бр. 7/21 со кое СЕ ОТФРЛА Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 68 став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), од причина што веќе е одлучувано за истата работа и нема основ за поинакво одлучување.

Имајќи го предвид горенаведеното како и дека по однос на оспорената одредба од Законот за нотаријатот (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018) Уставниот суд веќе одлучил со Решение У. бр. 141/2016 од 5 јули 2017 година и Решение У. бр. 7/21 од 21 април 2021 година, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение за отфрлање на Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија “ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018).

**Точка 67**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У. бр. 127/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 389-а во делот „договорна“ од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09 и 161/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 389-а од Законот за облигационите односи (,,Службен весник на Република Македонија’’ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр. 215/21), од причина што подносителот на Иницијативата смета дека оваа одредба е спротивна на одредбите од член 1 став (1), член 8 став (1) алинеја 3, член 9, член 51, како и член 55 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија.

Според подносителот на Иницијативата зборот ,,договорна‘‘ од членот 389-а не е во согласност со Уставниот поредок на Република Македонија од причина што, како што е наведеното во Иницијативата, законодавецот оставил можност, законската затезна камата , да може да тече неограничено, и со тоа оставил можност да дојде до злоупотреба на правото во правниот промет, посебно од страна на субјектите кои имаат монополска положба на пазарот, да ги диктираат условите за договор и со тоа граѓаните никогаш да не склучат договор со договорна камата. Следствено на наведеното, подносителот смета дека на тој начин Законодавецот заборавил дека граѓаните се еднакви пред Уставот и законите, и поради тоа, ваквата дискриминаторна одредба поттикнува монополско однесување на пазарот. Дополнително, одредбата е во контрадикторност и спротивност и со членовите 4, 5, 6, 7 и 8 од Законот за облигационите односи. Оспорената законска одредба, според подносителот на иницијативата е нејасна и непрецизна и кај граѓаните предизвикува правна несигурност (повреда на владеење на правото) и со тоа истата не е во согласност со Уставот каде е пропишано дека во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Сметаме дека поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на почитување на слободите и правата на граѓаните, а во случај на евентуална повреда на некое субјективно право на граѓанинот, да се обезбеди заштита пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност, а чија правна основа произлегува од Уставот и законите.

Поаѓајќи од начелата на облигационото право, се согледува дека начелото на совесност и чесност има особено значење при толкување на непотполните и нејасните одредби на правните дела. Конкретно, толкувањето врз основа на совесност и чесност во смисла на урамнотежување на интересите на договорните страни доаѓа до израз при толкување на општите услови на работењето кои паѓаат на товар на оној што ги истакнал. Законодавецот предвидел и постоење на начело за забраната за злоупотреба на правото од причина што субјективното право што му припаѓа на секој поединец претставува инструмент за задоволување на интересите и поаѓајќи од наведеното, титуларот постапува според својата волја и во таква своеволност всушност се покажува врската меѓу субјективните права и човековите слободи. Следствено на тоа, преку остварување на содржината на некое право неговиот

титулар наидува на извесни позитивно-правни граници, било тоа да произлегуваат од субјективни права на други лица или да се права кои според позитивното право се заштитени јавни интереси. Од таа причина, произлегува ова начело особено кога титуларот го остварува правото спротивно на целта заради која е со закон воспоставено или признаено или причинува штета на друг. Средствата за заштита од злоупотреба на правото во граѓанското право, со кои засегнатото лице се штити против туѓите поседувања во неговото право или со закон заштитени интереси се тужба и приговор.

Подносителот на Иницијативата, не е во право кога укажува на тоа дека Законодавецот со оспорената одредба врши искористување на монополска положба и ставање на граѓаните во неповолна положба бидејќи начелото за забрана за создавање и искористување на монополска положба е во насока на обезбедување еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Конкретно, Републиката е таа која што презема мерки против монополско однесување на пазарот. Поради тоа, ако се појават облигациони односи со монополистички елементи во смисла на одредбата од член 7 од Законот за облигационите односи, во тој случај тие облигациони односи се ништовни во целост, што произлегува и од начелото на слобода на уредување на облигационите односи уредено во член 3 од Законот за облигационите односи (автономија на волјата). Учесниците во правниот промет слободно го уредуваат облигациониот однос, а тоа значи дека постои една помала или поголема област во која волјата на учесниците формално, слободно се движи и се определува со одредени ограничувања, што се изразува со мислата дека облигационите односи се уредуваат во согласност со Уставот и законите. Ваквите граници на слободата на уредувањето на облигационите односи, поставени се во материјата кај недозволеноста на предметот и основот на договорната обврска, кај ништовноста на договорите, како и кај недозволените услови на договорот. Но, слободата не е апсолутна, туку се движи во одредени граници коишто не секогаш се поставуваат произволно од страна на законодавецот. Во таа смисла е и слободата на страните сами да одлучат за засновање на еден облигационо-правен однос, да одлучат со кого тие ќе го засноваат, со каков вид на договор и со каква содржина и во која форма ќе го склучат, а тоа да движи во рамките на Уставот и законите.

Во поглед на казнената и договорната камата, тие детално се регулирани со постојниот Закон за облигационите односи.

Договорната казна претставува со договор определен паричен износ или некоја друга материјална корист за која должникот се обврзува да му ја плати на доверителот, односно да му ја прибави на доверителот во следните случаи:

- ако не ја исполни својата обврска
- ако задоцни со нејзино исполнување

Договорната казна има две функции:

1. Таа претставува средство за исполнување на обврската (без оглед дали настапила или не настапила некоја штета за доверителот, должникот треба да ја плати според условите и претпоставките содржани во договорот) и

2. Таа претставува средство на надоместување на штетата која може да настане во случај на повреда на должниковата обврска (договорната казна го ослободува доверителот да води долготрајни процеси и парници докажувајќи дека претрпел штета и во колкава мера. На овој начин со договарање на договорната казна, доволно е доверителот да докаже дека должникот ја повредил договорната обврска и врз основа

на тоа да бара наплата на договорната казна без да докажува колкава штета претрпел, но од друга страна пак доколку доверителот претрпел некаква штета, а таа ја надминува висината на договорната казна, во тој случај може да бара и разлика до целосниот надомест на штета).

Со договорната казна може да се обезбеди секоја обврска без оглед на изворот од кој таа потекнува, освен за парични обврски бидејќи законот пропишува дека за парични обврски следува законска казнена камата.

II Казнена камата-должникот кој ќе задоцни со исполнување на парична обврска, долгува покрај главниот долг и казнена камата по стапката утврдена со закон. Покрај тоа, доверителот има право на казнена камата без оглед на тоа дали претрпел штета поради должниковото задоцнување. Каматата всушност претставува цена која се плаќа за употребата на пари или за други заменливи предмети без тие да му се ставени некому на располагање или некој ги користи и без договор. Тој што должи камата не мора парите навистина да ги користи, доволно е да е во можност да ги користи или на некој начин, со неизвршување на својата обврска да спречи друго лице да ги користи.

За разлика од договорната камата, кај која обврската за плаќање на каматата и нејзината висина се определени со договор меѓу страните, обврската за плаќање кај казнената камата и нејзината висина се определуваат со закон и служи како санкција за ненавремено исполнување на обврската што со закон е предвидена со оглед на природата на парите како предмет на долгот.

Во поглед на договорната камата направени се интервенции во максималната висина на каматната стапка која што може да се определи со договор. Во таа насока е и измената во законот која стапи во сила наредниот месец од донесувањето со која е предвидено, каматата на неплатениот долг да престане да расте кога ќе го достигне износот на главнината, односно каматата повеќе не смее да биде повисока од износот на долгот. „Кога износот на стасаната, а неисплатена договорна камата ќе го достигне износот на главнината, каматата престанува да тече“.

Имајќи го предвид наведеното, законодавецот јасно ги поставил основите за определување на стапката на договорната камата. Имено, стапката на договорната камата страните договорно ја определуваат, но постои лимит кога престанува каматата да тече. Со оглед на одредбата од член 268 дека на стасаната, а неисплатена договорна или затезна камата, не може да се договори да тече затезна камата, со одредбата од член 389 дадена е можност да се договори стапката на каматата да се зголеми доколку должникот не ја исплати стасаната камата навреме, но со единствено ограничување, истата да престане да тече кога ќе го досигне износот на главнината.

По разгледување на сите теоретски и практични причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од Законот за облигациони односи е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 389-а од Законот за облигационите односи(,,Службен весник на Република Македонија’’ бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр. 215/21).

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2418, за КО Ваташа, на КП бр. 4529/2, викано место/улица Д. Чекоров и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Алексова од Кавадарци, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 236, за КО Глишиќ, на КП бр. 1435, викано место/улица Шишка и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Арбана Дестани-Адеми од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 496, за КО Умин Дол, на КП бр. 291, викано место/улица Блок и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3755 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, на КП бр. 2320, викано место/улица ул. Лука Геров и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љубица Стефкова-Начевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2211 за КО Бардовци, на КП бр. 1605, викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4965 за КО Сингелиќ-1, на КП бр. 2474, викано место/улица Х. Жефаровиќ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 91031, за КО Охрид 4, на КП бр. 5438/5, КП бр. 5575/3 и КП бр. 6417/11, викано место/улица Беј Бунар и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 75

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје за право на првенствено купување на недвижен имот-земјиште кое претставува 1130/1742 идеален дел од КП бр. 1824, КО Бардовци, викано место/улица Шамак, со Имотен лист бр. 1509 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 76

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Адамоска-Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 58580 за КО Прилеп, на КП бр. 20576/1, викано место/улица М. Пијаде и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 77

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Дончева од Скопје за продажба на недвижен имот евидентиран во Имотен лист бр. 3904 за КО Ѓорче Петров 4 -Влае на КП бр. 8058, викано место/улица Мраморец и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења од Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

## Точка 78

Владата го симна од Дневен ред Известувањето под И. бр. 220/2021 од извршител Премтим Ќерими именуван за подрачјето на Основниот суд Куманово, Кратово и Крива Паланка за Заклучок за втора усна јавна продажба, со оглед дека јавната продажба е одржана на 28 јануари 2022 година.

## Точка 79

1. Владата го именува Сретен Стојковски за директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот, и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), поради истек на мандатот ги разреши:

- проф. д-р Анастас Мишев,
- проф. д-р Зоран Здравев,
- доц. д-р Агон Мемети и
- проф. д-р Илија Јолевски

2. 1 Владата за членови на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа (МАРнет), на предлог на Интрауниверзитетската конференција на државните универзитети во Република Северна Македонија ги именува:

- проф. д-р Борко Јакимовски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
- проф. д-р Илија Јолевски, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола,
- проф д-р Зоран Здравев, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
- проф д-р Агон Мемети, Универзитет во Тетово.

3. Владата ја разреши Маријана Ангелоска од должноста член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, на нејзино барање.

4. Владата на Катица Маркова ѝ утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Гевгелија, поради исполнување на услови за стекнување на правото на старосна пензија, заклучно со 20 март 2022 година.

4. 1 Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Гевгелија.

5. Владата го именува Дарко Спасев за член на Советот за образование на возрасните, претставник од Синдикатот за образование, наука и култура.

6. Владата на Бујар Дардхишта разрешен од должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда му утврди право на плата по престанок на функцијата во траење од 12 месеци, сметано од 21 декември 2021 година до 21 декември 2022 година.

7. Владата на Дејан Павлески разрешен од должноста в. д. директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија му утврди право на плата по престанок на функцијата во траење од 9 месеци, сметано од 21 декември 2021 година до 21 септември 2022 година.

8. Владата на Каљтрина Беќири разрешена од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи ѝ утврди право на плата по престанок на функцијата во траење од 9 месеци, сметано од 21 декември 2021 година до 21 септември 2022 година.

9. Владата за претседател, секретар и членови на Комисијата за оценка и предлог-кандидати за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции при Фондот за иновации и технолошки развој, ги именува:

а) за претседател

- д-р Саша Максимовски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

б) за секретар

- Александар Талимџиоски од Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции

в) за членови:

- Јумни Адеми од Министерство за економија,
- Теди Цоневски од Стопанска комора на информатички и комуникациски технологии-МАСИТ,
- Арбен Халили од Стопанска комора на северозападна Македонија.

10. Владата го отповика Жарко Алексовски од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

10. 1 Владата го избра Исмаил Исмаили за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје.

11. Владата го отповика Александар Петровски од должноста управител на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“-ДООЕЛ Скопје, на негово барање.

11. 1 Владата го избра Филип Даскаловски за вршител на должноста управител на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“-ДООЕЛ Скопје.

12. Владата ја разреши Татијана Лалчевска од должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

12. 1 Владата го именува Владимир Кроневски за вршител на должноста директор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

13. Владата го разреши Ацо Костов од должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура.

13. 1 Владата го именува Аријан Асланај за вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата ја именува Славица Кутиров за вршител на должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен вршител на должност на Управата и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата ја разреши Аница Најдоска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп.

15. 1 Владата го именува Петар Кузмановски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп.

16. Владата го разреши Милутин Ристески од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми”-П. О. Скопје, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси, избран за член на Советот на Општина Аеродром.

17. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот ги разреши:

- Јумни Адеми,
- Иван Ајтарски и
- Селајдин Идризи

17. 1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, ги именува:

- Јумни Адеми и
- Зоран Миладиновски

18. Владата го разреши Александар Филев од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш- стручен работник од центарот за социјална работа, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

19. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден“-Гостивар, на нивно барање ги разреши:

- Станиша Матески и
- Александар Бојоски

19. 1 Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден“-Гостивар ги именува:

- Елена Наумчевска и
- Дарко Миовски

20. Владата врз основа на член 14-г став 9 од Законот за спорт заклучи да му предложи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот за формирање на Централна комисија за евалуација на предлог-листата (Агенција за млади и спорт), Марио Лазарески, Радмила Васевска и Ертан Демири да ги именува за членови на Централната комисија.

21. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје, ги разреши:

- Андон Стефановски, на негово барање и
- Арјета Реџепи

21. 1 Владата ја именува Гордана Дукадиновска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје.

22. Владата го именува Кире Јовановски за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Градската општа болница „8 Септември“-Скопје.

23. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија-Скопје, ги разреши:

- Николче Дукоски и
- Борис Георгиевски

23. 1 Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија-Скопје, ги именува:

- Анета Мишевска и
- Петар Петковски.

24. Владата ја разреши Барбуќе Хаџијаха од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, поради истек на мандатот.

24. 1 Владата ја именува Барбуќе Хаџијаха од Министерството за животна средина и просторно планирање за член на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот.

25. Владата ја разреши Слаѓана Беќарова од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, на нејзино барање.

26. Владата од должноста членови на Одборот на директори на Акционерското друштво ГА-МА АД Скопје, ги отповика:

- Сашко Костов од неизвршен член
- Бетиане Китев од неизвршен и независен член.

26. 1 Владата за членови на Одборот на директори на Акционерското друштво ГА-МА АД Скопје, ги избра:

- Сашко Костов за неизвршен член
- Бетиане Китев за неизвршен и независен член.

27. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на директор на Царинската управа на Република Северна Македонија.

28. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас на веб-страницата на Владата, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на 5 (пет) члена на Инспекцискиот совет и тоа за:

- член на Инспекциски совет од областа на надзорот на пазарот, работните односи и безбедност и здравјето при работа;
- член на Инспекциски совет од областа на животната средина и заштита на здравјето на луѓето;
- член на Инспекциски совет од областа на градежништвото, урбанизмот и транспортот;

- член на Инспекцискиот совет од областа на управата и
- член на Инспекцискиот совет од областа на образованието, науката и културата.

29. Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерско друштво Славија, извоз-увоз Скопје, да го разреши од должноста член на Управниот одбор Блаже Зафировски, а за член на Управниот одбор на Акционерско друштво Славија, извоз-увоз Скопје, да го именува Расим Али.

30. Владата го одложи од разгледување за наредната седница на Владата предлог заклучокот во врска со разрешување/именување на директор/ в. д. директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

**Точка 80**

**1.** Владата по Дописот од Собранието на Република Северна Македонија до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за потврдување на предлози на закони, материјали и мислења кои се во собраниска постапка, доставени од претходниот состав на Владата, под бр. 08-278/2 од 24. 1. 2022 година, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжуваат сите министерства, согласно табеларните прегледи дадени во прилог, во рок од три дена да се произнесат и да го известат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања во врска со Дописот, со цел на наредната седница да се утврди дали и за кои материјали Владата останува на доставените предлози на закони, акти и други материјали доставени од претходната Влада до Собранието на Република Северна Македонија, со предлози за повереници по истите, како и доставените мислења по одредени предлози на закони, акти и други материјали.

Исто така, Министерството за култура да се изјасни по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права(*).

2) Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, врз основа на информациите добиени од министерствата да подготви и на наредната седница на Владата да достави информација со конкретни предлози што Владата ќе ги достави до Собранието.

**2.** Владата го симна од Дневен ред Известувањето во врска со можноста за доделување на кредит од Развојна банка на Република Северна Македонија АД Скопје на Друштвото за производство на топлинска енергија Производство на топлина Балкан енерџи ДООЕЛ Скопје, доставено под бр. 0302/17 од 12 јануари 2022 година.

**3.** Владата го разгледа Предлогот за промена на досегашниот начин на изработување и доставување на решенијата за изолација на лицата кои се позитивни на КОВИД-19 или биле во контакт со позитивни лица го прифати и притоа заклучи:

-Решенијата за изолација на лицата кои се позитивни на КОВИД-19 или биле во контакт со позитивни лица ќе се објавуваат на веб-страницата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат и дополнително во Службен весник на Република Северна Македонија во најкус можен рок, при што нема да бидат објавувани лични податоци на граѓаните, односно целосно ќе бидат запазени стандардите дефинирани со Законот за заштита на личните податоци и со јавна објава ќе се смета дека лицата се уредно известени со цел доследно почитување на времетраењето на изолацијата.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 17 јануари 2022 година до 23 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го одложи од разгледување Барањето за склучување на договор за продажба на деловен простор и Понуда за купопродажба на деловен простор во Градски трговски центар поднесено од АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост , Скопје поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**6.** Владата го одложи од разгледување Известувањето за настанат прекин во испорака на топлинска енергија во топланата Скопје Север-Скопје, поднесено од Друштво за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД-Скопје поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политик.

**7.** Владата го одложи од разгледување Барањето средства за финансиска ликвидност на АД МЕПСО Скопје поднесено од АД МЕПСО Скопје, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**8.** Владата го одложи од разгледување Известувањето во однос на енергетската криза и снабдување со топлинска енергија на Градот Скопје поднесено од Адора инженеринг ДООЕЛ Скопје, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**9.** Владата го одложи од разгледување Известувањето во врска со проблемите за испорака на електрична енергија, доставено од Јавна здравствена установа Психијатриска болница Демир Хисар, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**10.** Владата го одложи од разгледување Известувањето во врска со проблемите за снабдување со електрична енергија, доставено од Јавна здравствена установа Здравствен дом-Битола, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**11.** Владата го одложи од разгледување Известувањето во однос на подмирување на фактурите за електрична енергија поднесено од Јавна здравствена установа Здравствен дом-Неготино, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**12.** Владата го одложи од разгледување Барањето за финансиска помош поднесено од Јавна здравствена установа Здравствен дом-Радовиш, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**13.** Владата го одложи од разгледување Барањето на финансиска помош или изнаоѓање решение во врска со енергетската криза поднесено од Јавна здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кочани, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**14.** Владата го одложи од разгледување Известувањето во врска со снабдување на електрична енергија поднесено од Јавна здравствена установа Општа болница-Струмица, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**15.** Владата го одложи од разгледување Известувањето со барање за превземање соодветни активности за надминување на состојбата поради неможност за намирување на сметките за електрична енергија, поднесено од Јавната здравствена установа Здравствен дом д-р Панче Караџозов -Штип, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**16.** Владата го одложи од разгледување Барањето во врска со субвенционирање на природниот гас-метанот како најеколошко природно гориво поднесено од Друштвото за превоз промет и услуги Слобода превоз-Скопје, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**17.** Владата го одложи од разгледување Барањето за финансиска поддршка поднесено од Јавно претпријатие за енергетските дејности Струмица гас, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**18.** Владата го одложи од разгледување Барањето за финансиска помош, доставено од Јавно претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти Куманово –ГАС Куманово, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**19.** Владата го одложи од разгледување Барањето за финансиски средства за реализација на проектни активности на НУ Музеј на албанската азбука, поднесено од Национална установа Музеј на албанската азбука-Битола поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**20.** Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со најавите за прекини и раскинување на договори за снабдување со електрична енергија, доставена од Општина Кочани, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**21.** Владата го одложи од разгледување Барањето за исплата на надоместоци по повод одржаните Локални избори 2021 година, доставено од Општина Чешиново-Облешево, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**22.** Владата го одложи од разгледување Известувањето во однос на подмирување на фактурите на електрична енергија поднесено од Јавна здравствена установа Психијатриска болница-Негорци-Гевгелија, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**23.** Владата го разгледа Известувањето на Министерството за локална самоуправа со барање за изменување на Заклучокот, донесен на Деведесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27. 7. 2021 година, по Дополнувањето на Информацијата за унапредување на процесот на фискалната децентрализација, го прифати и заклучи рокот во Заклучокот од точка 3 за носење на соодветни законски решенија за формирање на Агенција за регионален и локален развој, наместо до крајот на 2021 година, да биде до јуни 2022 година.

**24.** Владата го одложи од разгледување Известувањето со барање за итно постапување од Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Скопје Север АД Скопје, поради потребата материјалот претходно да биде разгледан на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**25.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 4 јануари 2022 година до 10 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**26.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 11 јануари 2022 година до 17 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**27.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија, за период од 18 јануари 2022 година до 24 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**28.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 6 јануари 2022 година до 12 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**29.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 13 јануари 2022 година до 19 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**30.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 20 јануари 2022 година до 26 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**31.** Владата го разгледа дополнувањето на Заклучокот на Владата донесен на седницата одржана на 30 јануари 2022 година во врска со одбележувањето на 150 години од раѓањето на Гоце Делчев и притоа ги донесе следните заклучоци:

1) Владина делегација во состав:

-м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и
-доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура да положат венец цвеќе на следните локации:

- 10:00 часот положување на цвеќе на гробот на Гоце Делчев во црквата Св. Спас;
- 10:30 часот положување на цвеќе на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје;
- 11:00 часот положување на цвеќе на споменикот на Гоце Делчев на плоштадот Македонија во Скопје.

2) Делегација во состав:

- д-р Стево Пендаровски, Претседател на Република Северна Македонија и
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи да присуствуваат на настанот во Музејот на македонската борба во организација на Државен архив на Република Северна Македонија.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија преку Одделението за протокол да организира венци цвеќе за сите три локации, доставено до локација и протоколарно лице кое ќе ја проследи делегацијата на секоја локација.

4) Се задолжува Министерството за одбрана-Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди гардисти и фанфаристи на секоја од трите локации каде се положува цвеќе, како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази).

5) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија преку Секторот за односи со јавност да организира тим од официјални фото и видео и да подготви медиумски пакет за јавноста.

6) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја обезбеди делегацијата и да преземе мерки за соодветно одбележување на настанот.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди цветно уредување на споменикот Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди заштитни средства за превенција од корона вирусот за сите три локации каде се положува цвеќе.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да набави материјали за оградување на медиумите (јажиња и столпчиња). “

**32.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 8 јануари 2022 година до 14 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**33.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 15 јануари 2022 година до 21 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**34.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 22 јануари 2022 година до 28 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**35.** Владата заклучи:

1) На секоја седница на Владата, во делот на Пред преминување на дневен ред, да се разгледува точката „Статус на реализација на капиталните инвестиции“.

- За таа цел Министерството за финансии до Владата да доставува детален извештај со прикажан процент на реализација на капиталните инвестиции од страна на министерствата и другите институции, а пред секоја седница институциите да го информираат Министерството за финансии за причините (објективни/субјективни) за нереализирањето на капиталните инвестиции.

2) Да се одржи тематска седница на Владата во врска со нереализираните заклучоци од седниците на Владата, од 2021 година до денес.

3) На три месеци да се одржува тематска седница на Владата, на која ќе се разгледуваат Информација за статусот на проектите кои се финансираат преку ИПА 2 програмите во Република Северна Македонија и Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите.

**36.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок од 17-та седница на Владата, одржана на 3 ноември 2021 година, и заклучи на седниците на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој да се разгледуваат материјалите кои ги доставува Државниот завод за ревизија а се во надлежност на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и се однесуваат на конечни извештаи за извршена ревизија, како и материјалите кои ги доставуваат институциите за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија.

**37.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 24 јануари 2022 година до 30 јануари 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**38.** Владата го разгледа Известувањето од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во врска со задолжението од Сто и триесеттата седница на Владата, одржана на 28 декември 2021 година во однос на Барањето на Државната изборна комисија за складирање на уредите за биометриска идентификација на гласачи и заклучи да и препорача на Државната изборна комисија да изнајде соодветен простор и да склучи договор за закуп од сопствени средства имајќи предвид дека нема простор кој може да се понуди за складирање на уредите за биометриска идентификација на гласачи а Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија немаат обезбедено финансиски средства за закуп на простор од тој вид.

**39.** Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски ја информираше Владата за потребата од започнување на градба на нов центар за странци, во најбрз можен рок, за кој ќе биде потребно да се изнајдат начини за да се обезбедат локации, проекти и средства, имајќи предвид дека се повлекуваат средствата од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија од започнатиот проект за градба на центар за странци.

**40.** Владата го разгледа Барањето согласност за продолжување на работниот ангажман на 80 луѓе за безбедно и непречено одвивање на железничкиот сообраќај, доставено од Синдикалната организација на вработените на подружница влеча на возови КСОМ под бр. 48/1 од 11 јануари 2022 година и ги задолжи Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација и Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје да одржат состанок со цел да се изнајде соодветно решение за вработување на овие лица.

**Точка 81**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Подготовка на стратешки мапи за бучава и акциски планови со програма со мерки (Development of Strategic Noise Maps and Action Plans with Programs of Measures)”, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц. о. , за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање, со укажување истиот да се доставува на разгледување во законски определениот рок, односно 20 дена по завршувањето на тримесечјето за кој се однесува.

**Точка 83**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење за периодот од 1 јули 2021 до 30 септември 2021 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање, со укажување истиот да се доставува на разгледување во законски определениот рок, односно 20 дена по завршувањето на тримесечјето на кое се однесува.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имлементираните проекти од Стратегијата за Роми во Министерството за труд и социјална политика (за периодот јули-декември 2021 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања, во однос на навремено изготвување на новата стратегија за Роми.

**Точка 85**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогресот на реализација на Акцискиот план со дефинирани активности и рокови за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерство за труд и социјална политика сметка на основен буџет (637), како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (сметка-Основен буџет), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (сметка-Основен буџет) и истиот во рок од 15 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија, што ќе биде услов за Владата да ја донесе Програмата за работа на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да побара од Државниот завод за ревизија, ревизија за успешност на активните мерки за вработување и проектите за самовработување за 2020 и 2021 година.

**Точка 87**

Владата го разгледа Извештајот од сумирани резултати од спроведена квантитативна евалуација за работата на медијаторите за 2019 и 2020 година, констатирани забелешки и наведени потешкотии при извршувањето на медијаторски работи на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, како материјал за информирање, при што да се има предвид мислењето на Министерството за правда.

**Точка 88**

Владата по најновиот текст на Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2022 година ја донесе Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2022 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“, ја усвои Информацијата и го задолжи Националното координативно тело за арбитражни постапки во најкраток можен рок да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на меѓународен застапник што ќе обезбеди застапување и правна стручна поддршка на Министерството за финансии во сите фази на поведената арбитражна постапка за Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје“.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Решението за формирање на Координативно тело за следење и насочување на изработката на одделни фази на Просторниот план на Република Северна Македонија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведена арбитражна постапка од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А. Ш. , против Република Северна Македонија, со Предлог во врска со избор на адвокатска куќа и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот во врска со избор на адвокатска куќа и тоа:

Во арбитражната постапка по предметот (ICC Case Number 26696/HBH) поведена врз основа на Договорот од 14 јули 1995 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција во врска со поттикнување и взаемна заштита на инвестициите кој влезе во сила на 27 октомври 1997 година, а од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А. Ш против Република Северна Македонија, како правен застапник да се ангажира адвокатската куќа Вајт и Кејс (WHITE&CASE).

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од три дена, да ја информира адвокатската куќа дека е избрана за правен застапник на Република Северна Македонија во арбитражната постапка поведена од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А. Ш против Република Северна Македонија, предмет заведен под број ICC Case Number 26696/HBH.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише правните исправи со кои се овластува адвокатската куќа Вајт и Кејс (WHITE&CASE) да ја застапува Република Северна Македонија во арбитражна постапка поведена од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А. Ш против Република Северна Македонија предмет заведен под број ICC Case Number 26696/HBH и за тоа во рок од седум дена да ја информира Владата.

Истовремено, Владата заклучи Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори да даде предлог до Владата за избор адвокатска куќа како правен застапник на Република Северна Македонија за сите арбитражни постапки во меѓународните спорови.

**Точка 92**

Владата го донесе Решението за овластување на потписник за склучување на договори за купопродажба на станови, во предложениот текст.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки од Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на појавата на африканска чума кај свињите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство согласно член 68 од Законот за ловството да им даде обврска на концесионерите на ловиштата, се додека Агенцијата за храна и ветеринарство не прогласи стабилна епидемиолошка состојба со болеста африканска чума кај свињите:

а) да извршат засилен отстрел на диви свињи во ловиштата определени со решение од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, независно од бројот на дозволен отстрел определен во ловостопанските основи за секое ловиште, во ловните денови да вршат контрола на сите учесници во ловот на определени пунктови, независно од тоа дали имаат отстрелано дивеч и да ја почитуваат законската обврска за издавање потврда за потекло на дивеч, делови од дивечот и трофеите од дивечот, при што контролата да се врши во присуство на официјален ветеринар и

б) на ловиштата во кои се забранува ловот да вршат пребарување за пронаоѓање на угинати диви свињи и истите да ги пријават на надлежните официјални ветеринари за земање примероци, како и да изработат план за динамиката, начинот на пребарувањето и мерките за биосигурност кои треба да се применуваат при спроведување на оваа активност и иститот да го достават до Агенциајта за храна и ветеринарство.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се додека Агенцијата за храна и ветеринарство не прогласи стабилна епидемиолошка состојба со болеста африканска чума кај свињите:

а) да ја продолжи ловната сезона за диви свињи и по 31. 1. 2022 година, да го зголеми бројот на ловни денови во неделата, да ги ослободи концесионерите од обврската за прихранување и населување на диви свињи и да нареди засилен отстрел на диви свињи и

б) да ја разгледа можноста за забрана за одгледување на пченка во високо ризичните зони околу големите комерцијални одгледувалишта на свињи.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година и Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година за подмерката 2. 14 директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети да го намали износот од 50 денари и истите во најбрз можен рок да ги достави до Владата, а средствата да ги пренасочи и отстапи на сметка 631, Потпрограма 20, конто 464 разни трансфери на Агенцијата за храна и ветеринарство за трошоците кои произлегуваат од спроведување на мерките за контрола и искоренување на африканска чума кај свињите.

4. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да ги има во предвид податоците од вонредниот попис спроведен во текот на јануари и февруари 2022 година за остварување на правото за добивање субвенции, поради тоа што во истиот период одгледувачите на свињи имаат законска обврска за спроведување на редовен попис на свињите.

5. Се задолжува Министерството за финансии да го прошири Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство за потпрограма 20-здравствена заштита на животните за дополнителни 10. 000. 000 денари за трошоците кои произлегуваат од спроведување на мерките за контрола и искоренување на африканска чума кај свињите, а изворот на овие средства во најбрз можен рок дополнително ќе се утврди помеѓу Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за финансии.

6. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа да ги интензивира контролите на граничните премини и на аеродромите во однос на личниот багаж на патниците при влез во државата и редовно, на дневна основа да ја известува Агенцијата за храна и ветеринарство за количината и видот на запленетите производи од животинско потекло и истите нештетно да ги отстранува.

7. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да обезбеди помош и поддршка на Агенцијата за храна и ветеринарство и да врши интензивни контроли на дневна основа на товарните возила кои вршат превоз на животни во соработка со надлежните официјални ветеринари.

8. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство:

а) да изврши надомест на штета за уништените (убиени) свињи во сите одгледувалишта (регистрираните и нерегистрирани) во заштитната зона од 3 км во најбрз можен рок,

б) во најбрз можен рок да склучи договор/и со одобрена/и кланица/и во зоната под надзор или најблиску до зоната под надзор која/и ќе врши/ат колење и тоа:

- на свињи кои се предмет на депопулација согласно решение од директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство и да исплаќа надомест на разликата од кланичната вредност и проценетата вредност согласно Упатството за определување на пазарната вредност за животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразни болести на територијата на Република Северна Македонија, а за свињите кои не можат економски да се искористат да се изврши целосна исплата согласно Упатството и

- на свињите во одгледувалиштата од зоната под надзор во кои не се спроведува депопулација заклани поради комерцијални причини во кланицата, да врши исплата на разликата од кланичната цена и проценетата пазарна вредност,

в) да спроведе кампања за подигнување на јавната свест за африканска чума кај свињите на локално и национално ниво преку комерцијалните телевизиски куќи, радиодифузери и печатени медиуми во текот на 2022 година и

г) да изврши намалување на бројната состојба на дивите свињи со користење на средства за хумано заловување во високо ризичните зони во текот на 2022 година.

**Точка 94**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија“ ц. о.-Скопје за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 95**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со склучување, реализација и финансиски импликации за проектите-Терминал на течен природен гас Александруполи, обезбедување на капацитет за природен гас и Гасната централа Александруполи кои произлегуваат од потпишаните Меморандуми за разбирање, склучени помеѓу АД ЕСМ Скопје, ГАСТРЕЈД С. А и Дамко енерџи С. А, за седницата на Владата која ќе се одржи во рок од седум дена, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да го информира консултантот ПрајсватерхаусКуперс (PricewaterhouseCoopers) дека во рок од седум дена, на седница на Владата ќе бидат разгледани одлуки во врска со склучување, реализација и финансиски импликации за проектите Терминал на течен природен гас Александруполи, обезбедување на капацитет за природен гас и Гасната централа Александруполи кои произлегуваат од потпишаните Меморандуми за разбирање (за одобрување за доставување и потпишување на Обврзувачка понуда за алокација на капацитет на ЛНГ Терминалот Александропулис до ГАСТРЕЈД С. А. и за склучување на соодветни договори, за обезбедување на финансиските средства потребни за реализација на овој проект, како и за обезбедување и на идните финансиски средства кои ќе произлезат од потпишувањето на договорите, за банкарска гаранција и др. ).

2. Се задолжува Министерството за финансии да изнајде соодветен начин за обезбедување на средства за потребната банкарска гаранција.

3. На седницата да присуствуваат директорот на Национални енергетски ресурси-Скопје и претставник на консултантот ПрајсватерхаусКуперс (PricewaterhouseCoopers) кој да одржи заедничка презентација со Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје во однос на деталите од Информацијата.

**Точка 96**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со задолжението согласно Извадокот од Нацрт-записникот од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, бр. 41-824/1 од 30. 1. 2022 година, со Предлог-одлука, за седницата на Владата која ќе се одржи во рок од седум дена.

**Точка 97**

Владата го одложи разгледувањето на Информација во врска со Барање за продолжување на рок на доспевање на фактури за испорачана електрична енергија за декември 2021 година бр. 08-136/1 од 24. 1. 2022 година од ЕВН Македонија АД Скопје, за седницата на Владата, која ќе се одржи во рок од седум дена.

*
*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**